**2011036855**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ**

Се прогласува Законот за меѓународни рестриктивни мерки,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 март 2011 година.

Бр. 07-1494/1
21 март 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА МЕЃУНАРОДНИ РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ**

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат постапката за воведување и престанување на важење на рестриктивните мерки, спроведувањето на рестриктивните мерки, координацијата на спроведувањето на рестриктивните мерки евиденцијата и други прашања кои се однесуваат на рестриктивните мерки.

Член 2

Рестриктивни мерки, во смисла на овој закон, се мерките кои имаат за цел одржување на меѓународниот мир и меѓународната безбедност, почитување на човековите права и основните слободи и развој на демократијата и владеењето на правото, а се воведени врз основа на:

а) правно обврзувачки резолуции на Советот за безбедност на Обединетите нации, усвоени според Главата VII од Повелбата на Обединетите нации;

б) правни акти на Европската унија или

в) правни акти на други меѓународни организации во кои членува Република Македонија во согласност со меѓународното право.

Член 3

Рестриктивните мерки може да се применат врз една или повеќе држави, меѓународни организации, физички и правни лица и други субјекти опфатени со актите од членот 2 на овој закон.

Член 4

Видови на рестриктивни мерки се:

а) ембарго на стоки и услуги;

б) ембарго на оружје;

в) забрана за влез во Република Македонија;

г) финансиски мерки и

д) други рестриктивни мерки согласно со меѓународното право.

Член 5

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Ембарго на стоки и услуги“ е забрана на увоз, извоз и транзит на стоки, давање услуги, трансфер на технологии и активности поврзани со трговијата на стоки и услуги кои се предмет на забраната;

2. „Ембарго на оружје“ е забрана за трговија со оружје и воена опрема и давање на техничка помош и донации во финансиски средства, оружје и воена опрема на субјектите на кои се однесува забраната;

3. „Забрана за влез“ е забрана за влез и транзитирање преку територијата на Република Македонија на лица од странство на кои се однесува рестриктивната мерка;

4. „Финансиски мерки“ се времена забрана за користење или располагање со имот на физичките и правните лица или давање на користење или на располагање на имот на лицата на кои се однесуваат рестриктивните мерки. Оваа мерка се однесува на:

а) имот со кој целосно или делумно располагаат или го користат физички и правни лица на кои се однесуваат рестриктивните мерки и/или лица кои финансираат тероризам или терористички организации и

б) имот кој потекнува од имот со кој целосно или делумно располагаат или го користат физички и правни лица на кои се однесуваат рестриктивните мерки и/или лица кои финансираат тероризам или терористички организации;

5. „Имот“ се пари, фондови или други инструменти за плаќање, хартии од вредност, депозити, друга сопственост од секаков вид и тоа материјална или нематеријална, движна или недвижна, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и легални документи за сопственост и актива во пишан или електронски облик или инструменти со кои се докажува правото на сопственост или интерес во таквиот имот и

6. „Други рестриктивни мерки“ се целосен или делумен прекин на дипломатските, финансиските и економските односи, на сообраќајните, воздушните, поштенските и други комуникации со една или повеќе држави, но и други мерки во согласност со меѓународното право.

## II. ПОСТАПКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ

Член 6

(1) Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за надворешни работи донесува одлука за воведување на рестриктивната мерка со која се определуваат:

а) видот на рестриктивната мерка;

б) надлежните органи за спроведување на рестриктивната мерка, согласно со нивните законски утврдени надлежности;

в) начинот на спроведување на рестриктивната мерка и

г) времетраењето на рестриктивната мерка.



www.pravdiko.com

(2) Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за надворешни работи, донесува одлука за престанување на важење на рестриктивната мерка од ставот (1) на овој член.

(3) Одлуките на Владата на Република Македонија од ставовите (1) и (2) на овој член се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“.

## III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ

### Член 7

(1) Заради спроведувањето на воведените рестриктивни мерки, секое физичко и правно лице, државен орган и орган на единица на локалната самоуправа се должни да овозможат спроведување на воведените рестриктивни мерки и притоа да соработуваат со надлежните органи определени со одлуката на Владата на Република Македонија од членот 6 став (1) на овој закон.

(2) Секое физичко и правно лице, државен орган и орган на единица на локална самоуправа кој располага со информации и податоци за неспроведување на рестриктивните мерки, е должно да го извести Министерството за надворешни работи.

### Член 8

Надлежните органи определени со одлуката на Владата на Република Македонија од членот 6 став (1) на овој закон вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки, согласно со закон.

### Член 9

(1) Со одлуката со која се воведува финансиска рестриктивна мерка Управата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам е должна без одлагање да ги извести соодветните финансиски институции, Агенцијата за катастар за недвижности и Централниот депозитар за хартии од вредност.

(2) Институциите од ставот (1) на овој член се должни без одлагање да извршат проверка и да го замрзнат имотот на лицата опфатени со финансиската рестриктивна мерка, доколку со нив воспоставиле деловен однос или кај нив користеле услуги, или да одбијат воспоставување деловен однос со лицата опфатени со финансиската рестриктивна мерка и за истото да ја известат Управата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам.

(3) Со одлуката за престанување на важење на финансиската рестриктивна мерка Управата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам е должна без одлагање да ги извести институциите од ставот (1) на овој член, кои се должни да го одмрзнат имотот.

### Член 10

(1) При спроведување на финансиска рестриктивна мерка, на барање на лицето опфатено со финансиската рестриктивна мерка, надлежниот суд може да одобри делумно користење на имотот во дел којшто е неопходен за намирување на основните животни потреби, како што се лекување на тешко болни лица, породување, трошоци за смртен случај, плаќање на такси и даноци кон државата, трошоци за малолетни деца и слично.

(2) Надлежниот суд ги одредува условите под кои се одобрува делумното користење на имотот од ставот (1) на овој член.

(3) Надлежниот суд го известува Министерството за надворешни работи за донесените одлуки во рок од осум дена.



www.pravdiko.com

(4) За секоја судска одлука донесена врз основа на ставот (1) од овој член Министерството за надворешни работи е должно да ги извести надлежните тела во меѓународните организации кои ги вовеле рестриктивните мерки.

Член 11

Надлежните органи определени со одлуката на Владата на Република Македонија од членот 6 став (1) на овој закон, физичките и правни лица од членот 7 на овој закон постапуваат со информациите и податоците со кои располагаат согласно со прописите за заштита на личните податоци и за безбедност на класифицирани информации.

Член 12

(1) Спроведувањето на рестриктивните мерки не повлекува одговорност за надлежните органи за спроведување на рестриктивните мерки согласно со овој закон и за физичките или правните лица кои се должни да обезбедат спроведување на рестриктивните марки согласно со закон.

(2) За штетите кои можат да настанат со примената на овој закон не може да се поднесе барање за надоместок на штета против Република Македонија, против надлежните органи за спроведување на рестриктивните мерки согласно со овој закон и против физичките или правните лица од ставот (1) на овој член.

## IV. КООРДИНАЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ

Член 13

(1) За координација на спроведувањето на рестриктивните мерки Владата на Република Македонија, по предлог на Министерството за надворешни работи, формира Координативно тело за следење на спроведувањето на рестриктивните мерки (во натамошниот текст: Координативното тело).

(2) Координативното тело е составено од пет члена и тоа од Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и Министерството за финансии со мандат од три години.

(3) Стручно-административните работи за Координативното тело ги врши Министерството за надворешни работи.

## V. ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ

Член 14

(1) Регистар на одлуките на Владата на Република Македонија од членот 6 на овој закон води Министерството за надворешни работи.

(2) Формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за надворешни работи.

Член 15

Надлежните органи определени со одлуката на Владата на Република Македонија од членот 6 став (1) на овој закон водат евиденција за спроведувањето на рестриктивната мерка која ги содржи следниве податоци за:

а) рестриктивни мерки за физички лица:

- име и презиме на лицето,
- датум, место и држава на раѓање,

- адреса на живеалиште или престојувалиште,
- државјанство,
- број на идентификациона исправа и/или на патна исправа,
- податоци за средствата и имотот со кој располага лицето на територијата на Република Македонија,
- податоци за покренати прекршочни постапки заради обид за неспроведување или неспроведување на рестриктивните мерки и
- други податоци предвидени со Одлуката за воведување на рестриктивната мерка и

б) рестриктивни мерки за правни лица:

- назив и седиште на правното лице,
- податоци за основачот и основачкиот капитал,
- име и презиме на управителот и на другите овластени лица на правното лице,
- податоци за средствата и имотот кои правното лице ги поседува на територијата на Република Македонија,
- податоци за покренати прекршочни постапки заради обид за неспроведување или неспроведување на рестриктивните мерки и
- други податоци предвидени со Одлуката за воведување на рестриктивната мерка.

(2) Функционерот кој раководи со надлежниот орган определен со одлуката на Владата на Република Македонија од членот 6 став (1) на овој закон го пропишува начинот и формата на водење на евиденцијата од ставот (1) на овој член.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 16

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице доколку не овозможи спроведување на рестриктивните мерки, согласно со членот 7 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице доколку не овозможи спроведување на рестриктивните мерки, согласно со членот 7 од овој закон.

(3) Глоба во износ од 700 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице доколку не овозможи спроведување на рестриктивните мерки, согласно со членот 7 од овој закон.

### Член 17

Прекршочната постапка ја води и прекршочната санкција ја изрекува надлежниот суд.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 18

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила овој закон.

### Член 19

Координативното тело од членот 13 на овој закон ќе се формира во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила овој закон.



www.pravdiko.com

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2007).

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.com